Јавна установа меѓуопштиснки
Центар за социјална работа
Радовиш
Број 04-890/7 од 28.12.2023

ВД.Директорот на Јавната Установа Меѓуопштински центар за социјална работа Радовиш, постапувајќи врз основа на член 212 од Законот за Социјална заштита (Службен весни к на РСМ бр.104/2019),член 20-г ,20-д од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл.весник на РМ бр.27/14,199/14,27/16,25/18),член 22 став1 од точка 9 од Статутот на установата и Согласноста од Министерството за финансии бр.18-13005/2 од 15.12.2023 година за вработување на едно (1) лице - давател на услуга-систем оператор за внес , а во врска со потребатата од пополнување на работно место во Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа Радовиш ја донесе следната:

О Д Л У К А

за вршење на избор на кандидат по пат на јавен оглас

Врз основа на огласот 2/2023,а заведен со арх.број 04-890/2 од 19.12.2023 година на Јавна установа меѓуопштиснки центар за социјална работа Радовиш за работнот место Систем оператор за внес-помошен службеник од второ ниво за потребите на ЈУ МЦСР Радовиш-1 (еден) извршител , а врз основа на Предлог ранг листата број 04-890/6 од 27.12.2023 година ВД.Директорот го избира следниот кандидат:

1. Теодора Дукоска –Систем оператор за внес- помошен службеник од второ ниво со шифра на работно место **СО030303В02013** .

Врз основа на член 212 став 18 од Законот за социјална заштита (Сл.весник на РСМ 104/19) по конечноста на одлуката ВД.Директорот ќе склучи договор за вработување со избраниот кандидат.

Одлуката стапува на сила на денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Директорот на Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Радовиш,постапувајќи согласно своите надлежности и ингеренции утврдени со Законот за социјална заштита и Статутот на јавна установа Меѓуопштионски центар за социјална работа Радовиш како и по добиената Согласност број 18-13005/2 од 15.12.2023 година од Министерството за финансии за обезбедување на финансиски средства за вработување на едно (1) лице на работното место Систем оператор за внес-помошен службеник од второ ниво , како и врз основа на јавниот оглас 2/2023 од 19.12.2023,заведен под број 04-890/2 од 19.12.2023 година ,а кој беше објавен на ден 20.12.2023 година вио два дневни

печати ,од кои најмалку еден печат кои се издава на макеоднки јазик и друг печат каде што зборуваат 20% службен јазик различен од македонскиот,а согласно член 212 став 17 од Законот за социјална заштита за избор на 1 (еден) кандидат на местото Систем оператор за внес -помошен службеник од второ ниво се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.Одлуката ќе биде објавена на огласната табла и веб страната на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Радовиш.

ПРАВНА ПОУКА:Против оваа Одлука незадоволните кандидати ,можат да изјават жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка офд работен однос од втор степен во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на Одлуката.

Одлуката да се достави до :
-архива,сметководство,досие за евиденција
-огласнатабла

ЈУ МЦСР Радовиш
ВД.Директор
Александар Филев